# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА УНИВЕРЗАЛЕН СНАБДУВАЧ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

**Број на огласот** **01 / 2018**

## ДЕЛ I: ЈАВЕН ПАРТНЕР

**I.1) Податоци за јавниот партнер**

| | |
|---|---|
| **I.1.1) Име на јавниот партнер: Влада на Република Македонија** | |
| **I.1.2) Адреса на јавниот партнер:**<br>**Бул. Илинден бр.2** | |
| **Град/општина: Скопје** | **Поштенски код:1000** |
| **I.1.3) Контакт: Кирил Каранфилов** | **Телефон: 070/282-361** |
| **Е-пошта: kiril.karanfilov@gs.gov.mk** | |
| **Интернет адреса:www.vlada.gov.mk** | |

**I.2) Категорија на јавниот партнер**

- ■ **Република Македонија**
- ☐ **Општина**
- ☐ **Град Скопје**
- ☐ **Општина во градот Скопје**

## ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА КОНЦЕСИЈАТА

| |
|---|
| **II.1. Назив на предметот на концесијата: избор на универзален снабдувач со електрична енергија** |
| **II.2. Природа и обем на концесијата:**<br><br>**Вршење на дејноста универзален снабдувач со електрична енергија.** |

| |
|---|
| **II.3. Објаснување за оправданоста на доделувањето на концесијата и назначување на целите:**<br>**Заради остварувањето на правото на домаќинствата и малите потрошувачи поврзани на електроенетскиот систем, на универзална услуга во снабдувањето со електрична енергија,Владата избира снабдувач којшто треба да обезбеди универзална услуга со определен квалитет и по разумни, лесно споредливи, транспарентни и недискриминаторни цели.**<br>**Во согласност со правилата за снабдување, Регулаторната комисија за енергетика ги утврдува обврските на снабдувачот за обезбедување на универзална услуга,особено во однос на: начините за заштита на потрошувачите во оддалечените подрачја, заштита на ранливите потрошувачи во согласност со мерките содржани во програмата за заштита на ранливи потрошувачи, снабдување со електрична енергија како универзална услуга исклучиво за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи, како и примена на цените за електрична енергија формирани во согласност со тарифниот систем, кои се однесуваат исклучиво за домаќинствата и малите потрошувачи.** |
| **II.4. Место/локација на извршување на концесијата:**<br>**Цела територија на Република Македонија** |
| **II.5. Проценета вредност на договорот:** |

**ДЕЛ III: ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИ/ПРИЈАВИ ЗА УЧЕСТВО**

| | |
|---|---|
| **III. 1. Рок за поднесување на понудата/пријавата за учество**<br>**Датум : 03.12.2018** | |
| **III.2. Адреса на поднесување на понудата/пријавата за учество**<br>**III.1.2) Адреса на концедентот:**<br>**Бул. Илинден бр.2, 1000 Скопје** | |
| **Град/општина: Скопје** | **Поштенски код: 1000** |
| **III.3. Јазик на кој мора да биде напишана понудата/пријавата за учество:**<br>☒ Македонски<br>☐ Англиски<br>☐ Друг | |

**ДЕЛ IV: ВИД НАПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

- [x] **Отворена постапка**
- [ ] **Ограничена постапка**
- [ ] **Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас**
- [ ] **Конкурентен дијалог**

## ДЕЛ V: НАДОМЕСТ ЗА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

_____________МКД

_____________ЕУР

## ДЕЛ VI: УСЛОВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТА НА ПОНУДУВАЧИТЕ/КАНДИДАТИТЕ

**VI.1. Лична состојба**

Докази и нивни вредносни показатели со цел за утврдување на состојбата:

Јавниот партнер ќе го исклучи од постапката за доделување на договор за универзален снабдувач секој економски оператор:

- на кој во последните 5 години му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- на кој му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;
- на кој му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- кој е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација;
- кој има неплатени даноци, придонеси и други јавни давачки, освен ако на економскиот оператор му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;
- кому му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност и
- кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците што ги барал Јавниот партнер

За докажување на својата лична состојба, економскиот оператор ги доставува следниве документи:

- изјава на економскиот оператор дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама

или перење пари;

- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;

- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;

- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;

- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

**VI.2. Способност за вршење на професионална дејност**

За да ја докаже способноста за вршење на професионална дејност, економскиот оператор треба да достави документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за универзален снабдувач или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

**Докази за исполнување на критериумите за вршење на професионална дејност се:**

- документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице, издаден од Централен регистар на Република Македонија.

- лиценца за снабдување со електрична енергија издадена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија.

**VI.3. Економска и финансиска состојба**

| Докази и нивни вредносни показатели со цел за утврдување на способноста | Евентуални минимални барања *(ако се приемнливи)*: |
|---|---|
| - извештај за билансот на состојбата која ја издава Централниот регистар на Република Македонија за последните три години, или Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех издаден од Централен регистар на Република Македонија за последните три години. | - информација за економско-финансиската состојба на економскиот оператор |

<table>
<tr>
<td>

- потврда за работен капитал или обезбедена поддршка од финансиска институција или поврзан субјект со кој ќе се гарантира дека економскиот оператор во секој момент ќе има пристап до финансиски средства во висина од 20 милиони евра. Доколку потврдата ја издава поврзан субјект истиот потребно е да достави:
  - извештај за билансот на состојбата која ја издава Централниот регистар на Република Македонија за последните три години, или Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех издаден од Централен регистар на Република Македонија за последните три години.
  - Доколку поврзаниот субјект е странско лице, потребно е да достави ревизорски извештај од независен ревизор, за последните три години.
-

</td>
<td>

- постоење на доволен работен капитал во износ од 20 милиони евра

</td>
</tr>
<tr>
<td colspan="2">

**VI.4. Техничка и професионална способност**

</td>
</tr>
<tr>
<td>

Докази и нивни вредносни показатели со цел за утврдување на способноста

- Потврда/сертификат/лиценца за имплементирани стандарди за ИТ безбедност
- Правила (и други интерни акти) за заштита на личните податоци со кои ќе ги утврдат мерките за безбедност на податоци и сајбер-безбедност кои особено ќе содржат:
  - способност за откривање на хакерски напад на системот
  - firewall технологија
  - управување со право на пристап и и идентификација
  - тестови за пенетрација и/или безбедносни алатки
  - алатки за проценка, пристап и ревизија.
- Изјава заверена на нотар дека ќе ја применуваат релевантната законска и подзаконска регулатива која се однесува на заштитата на личните податоци.

</td>
<td>

Евентуални минимални барања

А) да имаат/располагаат со систем за заштита на податоци и сајбер-безбедност на потрошувачите

Понудувачите треба да имаат/располагаат со систем за заштита на податоци на потрошувачите и сајбер-безбедност **или да имаат преддоговор со трета страна за користење на предметниот систем**.

</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
| • потврда/сертификат/лиценца дека имаат/располагаат со соодветни системи/софтвер за фактурирање на месечна основа, подготовка на фактури и наплата, вклучително и присилна наплата<br>• потврда/сертификати/лиценца дека софтверот е имплементиран и се користи во слични сектори/бизниси за месечно фактурирање на најмалку 500.000 потрошувачи<br>• потврда/сертификат/лиценца дека имаат/располагаат со електронски средства за фактурирање и опции за наплата, какви што се е-фактура и е-плаќање или пред договор со трета страна за користење на електронски средства за фактурирање и опции за наплата, какви што се е-фактура и е-плаќање,<br>• организациона шема со опис на работни места на вработени лица или договор со трета страна како доказ дека ќе обезбедат доволни капацитети (персонал или услуги) за месечно процесирање на мерни податоци добиени од страна на ОДС, за справување со процесот на изработка, испорака на повеќе од 500.000 месечни фактури, како и ефикасно справување со процедурите за наплата на побарувањата. Организационата шема треба да биде заверена и потпишана од одговорното лице во економскиот оператор. | <u>Б) да имаат/располагаат со систем за фактурирање и наплата</u><br><br>Понудувачите треба да имаат/располагаат со имплементиран билинг софтвер за изработка на фактури на месечна основа за навремено и точно фактурирање на најмалку 500.000 потрошувачи, како и да развијат соодветни процедури за управување со побарувањата со цел обезбедување на еднаков третман на сите потрошувачи **или преддоговор со трета страна за користење на предметните системи/софтвери**. |

| | |
|---|---|
| • Правила кои ќе обезбедат транспарентни, едноставни, ефективни и ефтини постапки за справување со поплаки од корисници, кои содржат и процедури за поднесување, процесирање и одговор на поплаки (вклучително прибирање на информации од организациски единици кои се компетентни за достава на експертско мислење во врска со прашања опфатени во поплаката). Правилата треба да бидат потпишани и заверени од одговорното лице во економскиот оператор.<br>• Изјава дека ќе обезбедат единствена точка на контакт (контакт центар) која му ги овозможува на потрошувачот сите информации во однос на неговите права, постоечката регулатива, како и начините за разрешување на спорови кои му се на располагање во случај на евентуален спор. Изјавата треба да биде заверена на нотар. | В) да имаат/располагаат со систем за услуги за потрошувачи<br><br>**Управување со поплаки**<br><br>Понудувачите треба да имаат/располагаат со систем за управување со поплаки на потрошувачите. Центарот за односи со потрошувачи опфаќа и телефонски и физички центар. Тој треба да биде достапен 24 часа дневно, 7 дена во неделата, за обезбедување на информации, примање на барања и поплаки од потрошувачи, најмалку преку телефон, електронска комуникација или по пошта **или треба да имаат преддоговор со трета страна за користење на предметниот Центар за односи со потрошувачи.** |
| • организациона шема со опис на работни места на Центарот за односи со потрошувачи кој ќе биде достапен 24 часа дневно, 7 дена во неделата, за обезбедување на информации, примање на барања и поплаки од потрошувачи, најмалку преку телефон, електронска комуникација или по пошта. Организационата шема треба да биде потпишана и заверена од одговорното лице во економскиот оператор.<br>• доколку понудувачите немаат таков центар, треба да имаат преддоговор со трета страна за користење на | **Контакт центар**<br><br>Понудувачите треба да имаат/располагаат со систем за управување со поплаки на потрошувачите. Центарот за односи со потрошувачи опфаќа и телефонски и физички центар. Тој треба да биде достапен 24 часа дневно, 7 дена во неделата, за обезбедување на информации, примање на барања и поплаки од потрошувачи, најмалку преку телефон, електронска комуникација или по пошта **или треба да имаат преддоговор со трета страна за користење на предметниот Центар за односи со** |

| | |
|---|---|
| Центар за односи со потрошувачи кој ќе биде достапен 24 часа дневно, 7 дена во неделата, за обезбедување на информации, примање на барања и поплаки од потрошувачи, најмалку преку телефон, електронска комуникација или по пошта.<br><br>- референци од веб страната дека ги исполнуваат бараните критериуми | **потрошувачи.**<br><br>Во рамки на Контакт центарот, најмалку треба да се обезбеди:<br><br>• соодветен квалификуван персонал за квалитетна комуникација и администрација на барањата и поплаките на потрошувачите<br>• телекомуникациски услуги (IVR, статистики, висока безбедност, снимање на повик и маркирање)<br>• преференци на CRM софтвер/систем<br>    o референци за имплементација и користење на софтвер во слични сектори/бизниси каде најмалку 50.000 корисници се опслужуваат на месечна основа<br>• работно време на Центарот за односи со потрошувачи согласно потребите на потрошувачите и можност за закажување на состаноци преку телефон или електронска пошта за потрошувачите.<br><br>**Веб страна**<br><br>• поддршка и информации за:<br>    o закони и регулативи, тарифи<br>    o практични информации поврзани со правата на потрошувачите<br>    o информации поврзани со елементите на фактурите и промена на цените, односно тарифите<br>    o начини на плаќање<br>    o информации поврзани со процедурите за поднесување на барања и поплаки<br>• информации за Центарот за односи со потрошувачи за контакт со потрошувачите. |

| | |
|---|---|
| • потврда/лиценца/сертификат или изјава заверена на нотар, дека поседуваат системи и алатки за прогнозирање и номинирање на потрошувачката на електрична енергија со цел за обезбедување на најмали можни трошоци за порамнување на отстапувањата на реализираната потрошувачка наспроти номинираната потрошувачка кон операторот на електропреносниот систем (трошоци за порамнување на дебаланси) или имаат преддоговор со трета страна за користење на системи и алатки за прогнозирање и номинирање на потрошувачката на електрична енергија со цел за обезбедување на најмали можни трошоци за порамнување на отстапувањата на реализираната потрошувачкна наспроти номинираната потрошувачка кон операторот на елетропреносниот систем (трошоци за порамнување на дебаланси).<br>• потврда/лиценца/сертификат или изјава заверена на нотар, дека поседуваат системи или алатки за транспарентна и конкуретна набавка со цел за обезбедување на најниски набавни цени и трошоци за набавка на потребните количини или имаат преддоговор со трета страна за користење на системи или алатки за транаспарентна и конкуретна набавка со цел за обезбедување на најниски набавни цени и трошоци за набавка на потребните количини. | Г) да имаат/располагаат со систем за планирање и набавка на електрична енергија<br><br>Понудувачите треба да имаат/располагаат со имплементиран систем за набавка на енергија, кој ќе овозможи ефективно и ефикасно работење со цел да се обезбеди набавка по најниска цена **или имаат пред-договор со трета страна за користење на предметниот систем.** |

## VII. КРИТЕРИУМИ КОИ ЌЕ БИДАТ ПРИМЕНЕТИ ПРИ ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Критериум за доделување на договорот за универзален снабдувач е **процентот на бруто маржа за снабдување**. Основата за пресметка на бруто маржа, ќе биде во согласност со Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај, донесен од страна на Регулаторната Комисија за енергетика и водни услуги.

## VIII. МИНИМУМ РАБОТИ ИСКАЖАНИ ВО ПРОЦЕНТИ КОИ ЌЕ БИДАТ ДОДЕЛЕНИ НА ТРЕТИ СТРАНИ (доколку е предвидено)

| |
|---|
| |
| |
| |

**IX.МИНИМАЛНИОТ ИЗНОС НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОНЦЕСИЈА И/ИЛИ НАЧИНОТ НА КОЈ ИСТИОТ СЕ ПРЕСМЕТУВА (доколку е предвидено)**

| |
|---|
| |
| |
| |

**X. БРОЈ И ДАТУМ НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОГЛАСОТ**

Датум: **17.09.2018**

**ДЕЛ XI: ЖАЛБЕНА ПОСТАПКА**

**XI.1) НАДЛЕЖЕН ОРГАН ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ЖАЛБА**

| | |
|---|---|
| **XI.1.1) Име на органот: Државна комисија за жалби по јавни набавки** | |
| **XI.1.2) Адреса на органот:**<br>**Бул. Илинден бр. 63 А** | |
| **Град/општина: Скопје** | **Поштенски код: 1000** |
| **I.1.3) Контакт: Ирена Шумкоски** | **Телефон: 02/ 3251 251** |
| **Е-пошта: irena.shumkoski@gs.gov.mk** | **Факс: 02/3251-250** |
| **Интернет адреса: www.dkzjn.gov.mk** | |

**XI.2) ПРАВО НА ЖАЛБА**

**XI.2.1) Рок за поднесување на жалба:**

Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за универзален снабдувач и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на Јавниот партнер во постапката за доделување на договорот за универзален снабдувач, во согласност со условите и постапката предвидени со Законот за јавните набавки. Правото на жалба во постапка која завршува со електронска аукција во однос на утврдување на способноста на понудувачите и целосната евалуација на првичните понуди се остварува по донесување на одлуката за избор на најповолен понудувач или поништување на постапката.

## ДОДАТОК А

### ОСТАНАТИ АДРЕСИ И КОНТАКТИ

**I. АДРЕСА И КОНТАКТ КАДЕ ШТО МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЈАТ ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ :**

<table>
<tr><td colspan="4">Назив: Влада на Република Македонија</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адреса: Бул. Илинден бр.2</td></tr>
<tr><td>Место: Скопје</td><td colspan="2">Поштенски код: 1000</td><td>Држава: Македонија</td></tr>
<tr><td colspan="2">Канцеларија/место за контакт:<br>Лице за контакт: Кирил Каранфилов</td><td colspan="2">Телефон: 070 282 361</td></tr>
<tr><td colspan="2">Е-пошта: kiril.karanfilov@gs.gov.mk</td><td colspan="2">Факс:</td></tr>
<tr><td colspan="4">Интернет адреса: www.vlada.gov.mk</td></tr>
</table>

**II. АДРЕСА И КОНТАКТ КАДЕ ШТО СЕ ДОСТАПНИ ДОПОЛНУВАЊАТА/ИЗМЕНИТЕ НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА :**

<table>
<tr><td colspan="4">Назив: Влада на Република Македонија</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адреса: Бул. Илинден бр.2</td></tr>
<tr><td>Место: Скопје</td><td colspan="2">Поштенски код: 1000</td><td>Држава: Македонија</td></tr>
<tr><td colspan="2">Канцеларија/место за контакт:<br>Лице за контакт: Кирил Каранфилов</td><td colspan="2">Телефон: 070 282 361</td></tr>
<tr><td colspan="2">Е-пошта: kiril.karanfilov@gs.gov.mk</td><td colspan="2">Факс:</td></tr>
<tr><td colspan="4">Интернет адреса: www.vlada.gov.mk</td></tr>
</table>

**III. АДРЕСА И КОНТАКТ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДА/ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО :**

<table>
<tr><td colspan="4">Назив: Влада на Република Македонија</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адреса: Бул. Илинден бр.2</td></tr>
<tr><td>Место: Скопје</td><td colspan="2">Поштенски код: 1000</td><td>Држава: Македонија</td></tr>
<tr><td colspan="2">Канцеларија/место за контакт:<br>Лице за контакт: Кирил Каранфилов</td><td colspan="2">Телефон: 070 282 361</td></tr>
<tr><td colspan="2">Е-пошта: kiril.karanfilov@gs.gov.mk</td><td colspan="2">Факс:</td></tr>
<tr><td colspan="4">Интернет адреса: www.vlada.gov.mk</td></tr>
</table>